Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата за реконструкција и санација на основни училишта на Општина Центар-Скопје за 2023 година**

Се објавува Програмата за реконструкција и санација на основни училишта на Општина Центар-Скопје за 2023 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 18. седница, одржана на 28.12.2022 година.

Бр. 09-6251/21
28.12.2022 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 15 став 1 точка 1 и член 26 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на 18. седница, одржана на 28.12.2022 година, донесе:

# ПРОГРАМА
# ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА И САНАЦИЈА НА ОСНОВНИ УЧИЛИШТА
# на Општина Центар-Скопје за 2023 година

**Со оваа Програма се уредуваат:**

I. **Изворите за финансирање на Програмата**
II. **Трошоци за реконструкција и санација на Основни Училишта**
III. **Преодните и завршните одредби**

## I. ИЗВОРИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Програмата за реконструкција и санација на Основни Училишта за 2022 година се финансира: од Буџетот на Општина Центар – Скопје за 2023 година.

## II. ТРОШОЦИ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА И САНАЦИЈА НА ОСНОВНИ УЧИЛИШТА

- **Потпрограма Образование/Основни Училишта (капитални расходи)**

| N | | ОБРАЗОВАНИЕ - ОСНОВНИ УЧИЛИШТА | Планирано |
|---|---|---|---|
| | **NA0** | **ОБРАЗОВАНИЕ - ОСНОВНИ УЧИЛИШТА (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)** | **7.000.000,00** |
| | **481210** | **Подготвување на проекти за ООУ** | **900.000,00** |
| | | Изработка на проекти и ревизија на проекти за Основни Училишта | 2023 |
| | **481230** | **Реконструкција на основни училишта** | **4.000.000,00** |
| | | Санација на интервентни зафати за градежни работи и инфраструктурна мрежа, по потреба, во сите основни училишта и објекти на Општина Центар на територија на Општина Центар | 2023 |
| | | Испитување на громобранските инсталации во сите основни училишта на територија на Општина Центар | 2023 |
| | | **ООУ „Коле Неделковски"** | |
| | | Партерно и хортикултурно уредување на предниот и на задниот двор | 2023 |
| | | Санација на оградите во дворот | 2023 |
| | | **ООУ „Ј.Х.Песталоци"** | |
| | | Реконструкција на дел од покривот (сала) | 2023 |
| | | Замена на фасадната столарија | 2023 |
| | | Реконструкција на тоалетите во анкесот | 2023 |
| | | Партерно и хортикултурно уредување на дворот | 2023 |
| | | Санација на заштитните огради во дворот | 2023 |
| | | **ООУ „Кочо Рацин"** | |
| | | Партерно и хортикултурно уредување на дворот | 2023 |
| | | Реконструкција на игралиштето | 2023 |
| | | Молерофарбарски работи | 2023 |
| | | **ООУ „11 Октомври"** | |
| | | Замена на столарија - врати | 2023 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Реконструкција на дел од фекалната канализација во дел од училишниот двор | 2023 |
| | | Санација на дел од објектот | 2023 |
| | | Санација на дел од подовите во училниците и во кабинетите | 2023 |
| | | Реконструкција на електричните инсталации во кујната | 2023 |
| | | Партерно и хортикултурно уредување | 2023 |
| | | **ООУ „Св. Кирил и Методиј"** | |
| | | Санација и реконструкција на дел од објектот | 2023 |
| | | Партерно и хортикултурно уредување на дворот | 2023 |
| | | Реконструкција на атмосферската мрежа во дворот | 2023 |
| | | Замена на вратата од службниот влез | 2023 |
| | | Санација на тоалетите | 2023 |
| | | **ООУ „Димитар Миладинов"** | |
| | | Реконструкција на подот | 2023 |
| | | Санација на хидрантите и на водоводната мрежа (замена на вентили) | 2023 |
| | | Санација на фекалната канализација во тоалетите | 2023 |
| | | Уредување на задниот дел на дворот и на паркинг- просторот | 2023 |
| | | **ООУ „Гоце Делчев"** | |
| | - | Поставување сончеви колектори | 2023 |
| | - | Изведба на заштитни решетки, натстрешница, игралиште за кошарка и подвижна врата за потребите на основните училишта | 2023 |
| | - | Реконструкција на детските игралишта во основните училишта, по потреба | 2023 |
| | - | Набавка и монтажа на прочистувачи за воздух | 2023 |
| | - | Санација на интервентните зафати во основните училишта, по потреба | 2023 |
| | - | Молерофарбарски и градежно занатски работи по потреба | 2023 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | - | Изведба на пристапни рампи за лица со попреченост | 2023 |
| | - | Изведба на слободни училишни коридори за основните училишта на територија на Општина Центар | 2023 |
| | **482940** | **Надзор над изградба** | **100.000,00** |
| | | Стручен надзор над реконструкцијата на основните училишта | 2023 |

ТРОШОЦИ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА И САНАЦИЈА НА ОСНОВНИ УЧИЛИШТА И РАСХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА ИЗНЕСУВААТ:

I. N - ОБРАЗОВАНИЕ- ОСНОВНИ УЧИЛИШТА
7.000.000,00 денари

## III. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата на Програмата ја врши Градоначалникот на Општина Центар-Скопје преку Секторот за уредување на градежно земјиште, комунални работи и заштита на животната средина.

-Сектор за уредување на градежно земјиште,комунални работи и заштита на животната средина

Оваа Програма влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-6251/20
28.12.2022 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Виолета Велковска